**јамбољиа** - јамболлија, многу дебел покривач со реси на едната страна и која се изработува рачно. Во Лешок не се изработувало многу јамболии, туку, се користеа черги (**черге**), јоргани перници (**пернице**) и др. Јорганите порано се полнеа со волна, а подоцна со памук. Перниците се полнеа исклучиво со лесни и меки пердуви **(пердуи**) од закланата пердувеста живина (кокошке, шатке и др. ). **в. черге, јоргани, пернице,**
**јаре** - јаре, младенче од коза,
**јарем** - дрвена направа за впрегнување два вола или коњи за орање.
**јарец** - мажјак од козите, а некои го викаа и прч**, в. коза, прч,**
**јари** - кога петелот брка јарка или кокошка, ќе и се качи, велевме: **га јари**. Јарката уште не е порасната за да носи јајца. Кога ќе порасне јарката му дозволува на петелот да и се качи и да ја јари и по неколку денови и јарката ќе **пронесе**, односно ќе почне да снесува-носи јајца. **в. јарка, кокошка,**
**јарка** - млада кокошка уште што не пораснала и не почнала да носи јајца. Кога за прв пат јарката ќе почне да снесува јајца велевме: **пронесе** и од тогаш ја викаме кокошка. **в. пронесе, кокошка, јајце,**
**јас** - јаз, бразда е дел од река кој оди по оддлен канал. Порано од Лешочката река имаше една бразда, поток-јаз кој течеше низ средината на селото Лешок, на која имаше неколку воденици ( Глигуроа, Весоа, Такароска, Ќапункоа, Форчеа и др.).**в. Лешочка река,**
**јасен** - листопадно дрво, повеќе го има од десната страна на Лешочката река
**јасика** - листопадно дрво, кое го има повеќе кон полето,
**јаска** - јас. По јазикот на лицата од Ранци, Каљарско, Егејска Македонија, кои 1948-49 год. по Граѓанската војна беа доселени во Лешок. Види, книга Јаска, од Методија Ст. Тошевски и книга Ранци од Вангел Теговски, Види,( Р. бр. 55 и 58 и Р. бр. 63 и 69, стр, 96- 104 ). **в. ја, Ранчани, Бојаровци,**




Методија Ст. Тошевски, автор на книгата ЈАСКА, издание на Матица Македонска, Скопје

**јасљи** - место за ставање сено, слама, шушљак и др. храна на стоката за јадење во пондилата, каде седи стоката. **в. пондила, пљемња,**
**Јасре** - машко име, недопирлив и многу ќе постигне,
**Јасребоа карпа** - интересна карпа лево од Лешочка река кај местото Бавче.



Јастребоа карпа покрај Лешочка река. Фото, М.С.

**Јасреej** - нова фамилија- лоза, **Јастревски** од поповскиот род **Лалошои** од Лешок, кои се наследници на Јасре Онуфриевски. Јасре е син на поп Онуфрие ( поп Онче) и брат на поп Спиро, Атанас, Саро, Ѓорче, Ката и Ристана од шестото колено. Домашна слава е **Пречиста**. Јасре по Првата светска војна бил кмет во Лешок и во негово време донесен е

водовод во селото. Јасре бил затворен заедно со браќата Спиро и Атанас, во 1905 г. при Сардисување на Лешочкиот манастир.



Баба Јасрејца Онуфриевска со внуката Вита од Лалошои качени на чеза одат на пазар во Тетово **(у Грат)**

Од фамилијата на Јастре, со состојба во 2009 год., обработив вкупно 175 потомци, од браќата поп Спиро 161 потомци, Атанас 63 потомци и Ѓорче 226 потомци. ( Р. бр. 1, стр. 347-348 и Р. бр. 4, стр.83-103). За фамилијата Јасреej имам текст во Мојата книга ( Р. бр. 1, стр. 481- 510, и Прилог кон книгата, Таб. бр. 1, 2 и 18 ). ). Од фамилијата Јасреej е Андреа Манојловиќ/ски ( 1927-1945), кој загинал на Сремски фронт 1945 г. (Р. бр. 75 и Р. бр. 81, стр. 30-49). Од фамилијата Јастреej најпознати се Александар (Сандро) Попов (1926 - 2009) и Илија Јастревски ( 1925 - 2022). Сандро Попов е син на Микаељ, кој во триесетите години од минатиот век се сели со семејството од Лешок во Софија. Сандро завзема високи државни функции во Бугарското општество, но, никогаш не го заборави родниот крај и често доаѓаше во Македонија и Лешок. Види, ( Р. бр. 1, стр. 481- 510, Р. бр. 5 и 78, стр. 86-94). Илија Јастревски е син на Мито Поповски од родот Лалошои од Лешок. Има богата животна и работна кариера, а основна му е воената служба и како потпуковник во ЈНА се пензионира. Илија со семјството живее во Риека, Хрватска и почина на 97-ма година, во 2022 г. За фамилијата на Јастре Онуфриевски од Лалошои, 2021 год. Илија Јастревски напиша книга од 189 страни,но, нажалост не е публикувана, а мене ми испрати еден примерок од книгата, во која има интересни детали за Јасре и неговите потомци, Види, ( Р. бр. 74, стр. 1- 189 ).



Илија М. Јастервски, Фамилијата од Јасрета од Лешок, 2021 год.

На трите братучеди (Сандро, Андреа и Илија) од фамилијата Јасреej од Лешок, Македонија, вечното почивалиште им е во три држави ( Бугарија, Србија и Хрватска).



Александар ( Сандро) Попов ( 1926 - 2009), Андреа Манојловиќ/ски ( 1927-1945) и Илија Јастревски ( 1925 - 2022) од фамилијата Јастееј од родот Лалошои , Лешок

Од ова лоза сме Генерација 1949/50 и заедно учевме со Дафинка П. Поповска -Усанчевиќ (1950), која се омажи пресели во Детроит, САД. Види, ( Р. бр. 64 и 69, стр. 43 - 49, 145 и стр.190 ). **в. Лалошооj, слава, сардиса, Попооj, кмет, [http://spiroski.com.mk/](http://spiroski.com.mk/)**



Дафинка Попоска (м. Усанчевиќ), Милена Попова (м.Тошева), Лана Јастревска, Филип Тошев, Јовица Поповски и Ивица Поповски, правнуци и пра-пра внуци на Јасре Онуфриевски од родот Лалошои од Лешок

**јасреб** - јастреб, птица грабливица која ја има на Шар Планина.
**јат** - мака, горчина во душата, јад, грижа, **в. чемер,**
**јатаган** - долг крив нож кој го користеле турските јаничари,
**јатак** - човек кој бил соработник на ВМРО и кој бил определен од организацијата за врска со некој реон. Така, поп Спиро Онуфриевски од родот Лалошои од Лешок, бил јатак на организацијата на ВМРО во Илинденскиот период и за време на Сардисување на Лешочкиот манастир, и тоа за Подгора на релацијата на селата од Лавце до Првце. ( Р. бр. 1, стр. 665 - 666 и Р. бр. 81, стр. 68, 103 и 104 ).
**јевла** - евла, тенко листопадно дрво, највише расте покрај Лешочката река,
**јега** - ега, турпија,
**једар** - јадар, крупен, голем (*сакаш да купиш једар ињи поситен гра* ?),
**Једоаречки пут** - стариот колски пат од Лешок, кој оди преку Срански дол, Непроштено и се поврзува со Једоарце.
**Једоарце** - село на падините на Шар Планина во Подгора од Долни Полог, црква св. Кузман и Дамјан.
Од Једооарце потекнува Мишо Хаџи Ристиќ Календаровски, Јордан Тасевски. Потекло од Једоарце има и Благоја Богоевски, со кого заедно работевме во СОК СРМ-Централа во Скопје. Благоја има син Јанко кој работеше во СИЗ за становање и деловен простор, Скопје. Денес во Једоарце живеат десетина жители, а во летниот период доаѓаат како викендаши. **в. етнос, песме, носиа,**



Проф.Мишо Хаџи Ристиќ Календаровски и Јордан Тасевски потекло од Једоарце

**јеџиа** - човек со голем апетит и не наоѓа маани на јадењето,
**језа** - да се види нешто што е неподносиво, одвратно, трагичо и тешко за гледање (*чера се судрија вос и алтобус и когај видоф језа да те фати, кољку људи имаше погинато и повредено*).
**језик** - јазик , мускулест орган во уста на луѓето и животните, кој помага при јадење и при испуштање на гласови (**гласooj**) од устата. Кај луѓето јазикот служи за зборување и за општење меѓусебно и за изразување на мисли, чувства и др. Јазикот помага да зборуваме (**зборимо**), да оштиме и комуницираме меѓу себе преку говорот. Во Лешок ние зборувавме на Љешечки гоор. Подолу давам неколку мисли кој ги збрефмо на јазикот у Љешек. (*језикот му е побрс от умот; уста има језик нема; он нема влакна на језик; он је пис на језик; млогу испи ракиа, му се врза језикот),* **в. Љешечки гоор,**



Карта на говорите -дијалектите на македноскиот јазек, фото, преземено

**јелка** - елка, зимзелено дрво,
**јељек** - елек, облека горен дел без ракави. Кај машките јељекот се шиел од платно од шајак- клашња, а кај